ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2012 ГОДИНА

## ЈУ ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР “ КАРПОШ ” - Скопје
## СМЕТКА НА РАСХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (903-10)

01 2013 05 01/1

Скопје, февруари 2014 година

## Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1-7 |
| **Финансиски извештаи за 2012 и 2011 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 8 |
| Биланс на состојба | 9 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 10-12 |
| Сметководствени политики | 12-13 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 13-15 |
| Прилог Известување за преземени мерки | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 22-131/2

Дата: 14.02.2014

ДО

ЈУ ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ - СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ЈУ Детски културен центар Карпош - Скопје (во натамошниот текст ДКЦ Карпош) - сметка на расходи на буџет на дотации (903-10), за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од извршената ревизијата, изразуваме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со извршената ревизија утврдивме состојби кои се однесуваат на:

- не превземени активности за усогласување на договорите за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу вработените и ЈУ;
- отсуство на превземени активности за вршење на целосен и квалитетен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата;
- отсуство на утврдување на временската рамка на важење на склучените договори за ангажирање на надворешни лица;
- одредени недоследности во постапките за доделување на договорите за јавни набавки во текот на 2012 година.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во ДКЦ Карпош треба да преземат активности за надминување на утврдените состојби.

На ден 27.01.2014 година до Државниот завод за ревизија, законскиот застапник на ДКЦ Карпош достави известување за постапување по дадените препораки содржани во ревизорскиот извештај на овластениот државен ревизор како и прилози за потврдување на преземените активности за надминување на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 8 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на ДКЦ Карпош Скопје (ДКЦ Карпош) - сметка на расходи на буџет на дотации (903-10), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ДКЦ Карпош за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Ружа Ѓорѓевска, директор од 21.01.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ДКЦ Карпош се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.11.2013 до 11.12.2013 кај ДКЦ Карпош од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Максим Ацески, помошник на главниот државен ревизор и ОДР;
- Сашко Геразов, виш ревизор и ОДР;
- Наташа Михаилова – виш ревизор и ОДР.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 19.12.2013 година.

На ден 27.01.2014 година до Државниот завод за ревизија, законскиот застапник на ДКЦ Карпош достави известување за постапување по дадените препораки содржани во ревизорскиот извештај на овластениот државен ревизор како и прилози за потврдување на преземените активности за надминување на утврдените состојби.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. ЈУ ДКЦ Карпош во текот на 2012 година врши исплата на плати на вработените согласно склучени Договори за вработување на неопределено време во текот на 2011 година. Основ за изработка на наведените договори преставува Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места од јуни 2006 година. Кон крајот на 2011 година ЈУ усвоила нов Правилник за организација и систематизација на работните места. Со извршената ревизија ги констатиравме следните состојби:

- не се преземени активности за ажурирање на договорите за вработување;
- Правилникот за организација на работа и систематизација на работните места во делот на организацијата на работа содржи само одредба дека установата е организирана преку оддели и други одвоени служби, без притоа истите да бидат наведени и да е наведен/пропишан нивниот делокруг на работа;
- исплатата на плати се врши согласно коефициенти на сложеност на работните места кои се содржани само во Договорите за вработување на неопределено време со вработените без да постои акт кој ќе ги пропише коефициентите на сложеност за поодделните работни места.

Утврдените состојби не се во соглсност со одредбите на Законот за работните односи и влијае на можноста од несоодветно разграничување на надлежностите на вработените и вреднување на извршената работа.

Во текот на ревизијата УО на ЈУ усвои измени и дополнувања на постојниот Правилник за организација на работа и систематизација на работни места во кои се наведени пооделните оддели и други служби кои функционираат во установата со пропишан делокруг на работа на истите.

Усвоен е и акт со кој се пропишани коефициенти за исплата на платата на вработените лица во ЈУ. Исправноста на направените измени ќе бидат предмет на ревизија на следење на препораките.

На ден 27.01.2014 година законскиот застапник до Државниот завод за ревизија во прилог на известувањето за преземените мерки достави примерок од склучените нови договори за уредување на меѓусебните права и обврски со вработените.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на 31 декември 2012 година не е извршен во согласност со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетсите корисници и членовите 29-35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, од следните причини:

- Извршениот попис не е целосен, односно не е извршено усогласување на фактичката состојба на залихите на материјали и ситен инвентар (поголемо количество на народни носии, шамии, фустани и др.), со сметководствена состојба;
- не е извршен попис на средствата кои се затекнати во установата, а кои се сопственост на лицата кои закупуваат простории во установата;
- Податоците кои се наведени во пописните листи се добиени од сметководството пред вршењето на физичкото броење, а пописната комисија не изготвила посебни пописни листи врз основа на физичкото пребројување на инвентарот.

Утврдените состојби влијаат на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

Законскиот застапник на субјектот известува дека пописот на средствата и изворите на средствата е во тек, со кој ќе се изврши целосен попис и усоглсување на сметководствената со фактичката состојба.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да продолжи со преземените активности со кои ќе обезбеди целосно и квалитетно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

### Биланс на приходи и расходи

3.2.2. ДКЦ Карпош за потребите на проектите за чија реализација е задолжено, како и за извршување на редовни работни задачи во текот на 2012 година има извршено исплати на лица кои не се вработени во институцијата по склучени авторски договори и договори за дело за извршување на работи и задачи од повеќе области. Овие договори не содржат временски период на важење ниту начин на пресметка на надоместокот, а дел од договорите не се потпишани од страна на ангажираните лица. Пресметката на надоместоците за ангажираните лица се врши без да постои евиденција за бројот на ангажирани часови на надворешните членови што не е во согласност со одредбите на Правилникот за исплата на хонорари на надворешни членови во ЈУ ДКЦ Карпош Скопје од 22.12.2011 година. Утврдената состојба создава

можност од вршење на исплати во висина која не одговара на реално извршените работни задачи.
Законскиот застапник со известувањето за преземени мерки достави Одлука за исплата на ангажирани надворешни соработници со која се утврдува висината на поодделните надоместоци на надворешните соработници.

**Препорака**
Раководителот на субјектот да преземе активности за доследно применување на донесиот акт за исплата на надоместоците на надворешните соработници и да обезбеди одговорните лица во ЈУ континуирано да ја водат потребната евиденција која преставува основ за исплата на извршените работи и задачи.

### 3.3. Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

3.3.1. Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на ДКЦ Карпош за 2012 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Во врска со спроведените постапки за ЈН ги утврдивме следните слабости:

- ДКЦ Карпош за 2012 година не подготвил план за јавни набавки како што е предвидено со член 26 од Законот за јавни набавки;
- спроведувањето на постапките за јавни набавки во 2012 година е вршено без да се донесе одлука за истото од страна на раководниот орган.
- ДКЦ Карпош нема изготвено поедноставена тендерска докумантација за набавките која задолжително содржи технички спецификации на предметот на договорот за јавна набавка, критериумите за избор на најповолен понудувач и информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите што не е во согласност со член 101 од ЗЈН;
- не се доставени докази дека комисиите за јавни набавки ја имаат утврдено способноста за вршење на професионалната дејност од страна на економските оператори што е обврска предвидена во член 102 од Законот за јавни набавки. Со увид во доставената документација утврдивме дека дел од економските оператори не ја исполниле оваа своја обврска, а комисиите за јавни набавки не извршиле елиминација на непотполните понуди;
- досието за извршените јавни набавки не содржи извештај од извршената евалуација на добиените понуди и изјави за непостоење на судир на интереси, а дел од примените понуди не се архивски заведени поради што не може да се утврди датумот на нивното доставување до ДКЦ Карпош;
- кај дел од склучените договори со економските оператори не е утврден предметот на набавката, а исто така не е прецизирана количината која ќе се набави како и вкупната вредност на договорот.

Наведените пропусти доведуваат до можност од намалување на транспарентноста при доделувањето на договорите за јавни набавки што го зголемува ризикот од необезбедена конкуренција и необјективен избор на најповолен понудувач во спроведените постапки за јавни набавки.
Од страна на одговорните лица на ДКЦ Карпош беше искажано уверување, што беше потврдено и со увид во дел од документацијата за доделување на договорите за јавни набавки во 2013 година дека наведените слабости се надминати.
Целосната анализа на ова тврдење ќе биде предмет на ревизијата на препораките дадени од страна на ДЗР.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 3.2. кои се однесуваат на неправилности во извршениот попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата изразуваме резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ДКЦ Карпош – сметка на расходи на буџет на дотации, на ден 31 декември 2012 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.; 3.2. и 3.3; активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ДКЦ Карпош - сметка на расходи на буџет на дотации, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност

5.1. Во текот на ревизијата од страна на ЈУ извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во активата и пасивата на финансискиот извештај/биланс на состојба спроведени во налог за книжење во 2013 година со кој е извршено намалување на деловниот фонд и зголемување на исправката на вредност на опремата за износ од 3 илјади денари.

## ЈУ Детски културен центар Карпош - Скопје
## Сметка на расходи на буџет на дотации ( 903-10 )
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 4.496 | 4.451 |
| **Вкупно приходи** | | **4.496** | **4.451** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 3.244 | 3.120 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.252 | 1.191 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4.496** | **4.451** |
| **Вкупно расходи** | | **4.496** | **4.451** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | 0 | 0 |

## ЈУ Детски културен центар Карпош - Скопје
## Сметка на расходи на буџет на дотации ( 903-10 )
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 83 | 199 |
| **Вкупно тековни средства** | | **83** | **199** |
| **Вкупна актива** | | **83** | **199** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 83 | 199 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **83** | **199** |
| **Вкупна пасива** | | **83** | **199** |

## ВОВЕД

### Статус

1.1. ЈУ Детски културен центар Карпош – Скопје е орган чиј основач е Град Скопје, согласно на одлуката за преземање на основачките права на организации од областа на културата бр.09-214/1 од 30.01.2004 година (Сл. Гласник на Град Скопје бр. 1/04) донесена од Советот на Град Скопје, и договор за пренесување на недвижни ствари, опрема вработени и други средства за работа од РМ на Град Скопје, склучен меѓу Владата на РМ и Град Скопје заведен во Министерство за Култура под бр. 02-5139/1 од 19.08.2005 година и кај Градот Скопје под бр. 08-2308/1 од 19.08.2005 г.
ЈУ Детски културен центар Карпош – Скопје има седиште на бул. Илинден бр.53, 1000 Скопје.

### Дејност

1.2. Установата врши дејност од областа на културата како дејност од јавен интерес со непрофитна цел.
Официјална дејност на установата е извршување вон училишна, воспитно образовна, социјална, забавна и рекреативна дејност во вид на редовни активности, манифестации, прослави и одбележувања.
Заради остварување на својата дејност Установата ги врши следните активности:

- Ги интегрира децата од предшколска возраст до 18 години во активностите на центарот а со тоа ги интегрира во општествениот живот на градот и земјата
- Го насочи индивидуалниот развој ан децата кон остварување на долгорочна општествена стабилност и сигурност, преку креативни педагошки, забавни и рекреативни активности
- Обезбедува масовно членство на децата и разновидни содржини кој тој ги нуди
- Овозможува брз пристап на децата до сите интересни сфери за нив и отвара можност за активна партиципација на сите општествени структури во него
- Ги усвојува и развива најсвежите едукативно педагошки содржини и форми преку постојан контакт со исти или слични организации во земјата и странство
- Ги дефинира вредностите во граѓанското општество преку размена на искуства со организации од ист и сличен каракте
- Организира клубови, секции, изложби, манифетации, советувања, семинари и слично
- Соработува со училишта и просветни работници и сите сојузи здруженија организации и институции во земјата и странство чија дејност е вонучилишно воспитување и образование на децата
- Се грижи за усовршување и дообука на професионални кадри

- Врши и други работи во согласност со закон

**Специфични податоци за субјектот**

1.3.1. ДКЦ Карпош има својство на правно лице и е самостоен во својата работа. ДКЦ Карпош има Статут со кој се уредува работата и организацијата на ДКЦ Карпош и обезбедувањето на јавност во неговата работа. Со Статутот особено се утврдуваат начинот на вршење на дејноста, предметот на работа и други прашања што се од значење за домот. Согласност на Статутот дава Советот на ГрадСКопје.

1.3.2. Домот во 2012 година функционира преку постоење на следните сметки за кои се изготвуваат посебни годишни пресметки:
- 903-10
- 787-15
- 603-18
- 603-18

1.3.3. Број на вработени: 10 редовно вработени, а согласно на актот за систематизација и органзизација на работните места во ЈУ ДКЦ Карпош систематизирани се 16 работни места.

**Организациона структура**

1.4.1. Внатрешната организација на домот согласно на Правилникот за организација и систематизација не содржи сектори и одделенија односно напуштен е хиерархискиот систем на организација на органите во состав на државната управа. При тоа систематизирани се вкупно 16 работни места и тоа директор едно место, програмски организатор едно место, организатори на разни оддели 6 места и еден оддел со неодреден број на места (??), соработник по фолклор едно место, сценски техничар и помошник на сценски техничар две места, општи административни позиции (финансии и општи служби) 6 места.

**Управување и раководење со субјектот**

**Орган на управување**

1.5.1. Органи на ДКЦ Карпош се Управниот одбор, директор и Надзорен одбор. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Советот на град Скопје, со манадат од 4 години со право на реизбор. Надлежностите на УО се наведени во член 23 од Статутот на Домот..

1.5.2. Со ДКЦ Карпош раководи директор кој го избира и разрешува градоначаникот на град Скопје со мандат од 4 години со право на реизбор. Неговите надлежности се наведени во член 26 од Статутот на домот.
За директор на ДКЦ може да биде избрано лице кое има завршено високо образование и кое ги исполнува законските услови (закон за установи).

1.5.3. Надзорниот одбор е орган за вршење на внатрешна контрола на работењето на установата. Надзорниот одобор го сочинуваат три члена кои ги именува односно разрешува Советот на Град Скопје. Членови на НО можат да бидат лица кои не се во работен однос со институцијата имаат високо образование и искуство од областа на дејноста што ја врши Установата.

**Располагање со сметки**

**1.6.** Овластени потписници со право на поединечно потпишување за располагање со средствата на сметката за средства од буџетот на РМ е Ружа Ѓорѓевска, директор

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

**2.1.** Приходите и другите приливи во Билансот на приходи и расходи се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

**2.2.** Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

**2.3.** Во приходи не влегуваат: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или по друга основа отстапени без надомест, вишоци утврдени по попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

**2.4.** Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

**2.5.** Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**2.6.** Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

**2.7.** Расходите кои не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**2.8.** Во расходи не влегуваат: подароците или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи кои се искажани на товар или во полза на капиталните средства.

**Проценување на билансните позиции**

**2.9.** ДКЦ Карпош води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

**2.10.** Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

**2.11.** Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивната набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката.

**2.12.** Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

**2.13.** Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

**2.14.** Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на износите на средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, во вкупен износ од 4.496 илјади денари во 2012 година (2011 година – 4.451 илјади денари).

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, и тоа по следните основи:

- основни плати и надоместоци;
- персонален данок на доход од плата;
- придонеси за Пензискиот фонд;
- придонеси за Фонд за здравство;
- придонеси за Агенцијата за вработување и
- останати придонеси од плати.

**во 000 денари**

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Основни плати и надоместоци | 2.368 | 2.277 |
| Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 876 | 843 |
| **Вкупно:** | **3.244** | **3.120** |

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, централно греење, телефон и телефакс, комуникација и транспорт на луѓе;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат расходи за: канцелариски материјали, прехрамбени продукти и средства за одржување на хигиена;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат расходи за: поправки и одржување на мебел, софтвер и хрдвер;
- договорни услуги, кои опфаќаат расходи за: изнајмување на простор, осигурување на вработени, осигурување на повреди и инвалидитет, осигурување на моторни возила, правни услуги и други договорни услуги;
- други тековни расходи кои опфаќаат расходи за: репрезентација и други оперативни расходи;

**во 000 денари**

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 894 | 691 |
| Материјали и ситен инвентар | 40 | 28 |
| Поправки и тековно одржување | 9 | - |
| Договорни услуги | 216 | 322 |
| Други тековни расходи | 93 | 150 |
| **Вкупно:** | **1.252** | **1.191** |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Активни временски разграничувања

Оваа позиција во 2012 година е проценета во износ од 83 илјади денари (2011 година – 199 илјади денари) и се однесува за обврски кон добавувачи кои останале неплатени заклучно со 31.12.2012 година.

## ПАСИВА

### 4.2. Тековни обврски

#### 4.2.1. Обврски кон добавувачи во земјата

Оваа позиција во 2012 година е проценета во износ од 83 илјади денари (2011 година – 199 илјади денари) и се однесува за за обврски кон добавувачи кои останале неплатени заклучно со 31.12.2012 година.